Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 10.09.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за определување на крајбрежен појас на Кратовска река во општина Кратово, опфатен со Државна урбанистичка планска документација за изградба на индустриска зона во КО Туралево, општина Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за определување на крајбрежен појас на Кратовска река во општина Кратово, опфатен со Државна урбанистичка планска документација за изградба на индустриска зона во КО Туралево, општина Кратово бр.16-1193/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 10.09.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-1194/
10.09.2015 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на општина Кратово**
Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 131 став 2 точка 3 од Законот за водите ("Службен весник на РМ" бр.87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13 и 180/14), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06) Советот на општина Кратово на седницата одржана на ден 10.09.2015 година донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на крајбрежен појас на Кратовска Река во општина Кратово, опфатен со Државна урбанистичка планска документација за изградба на индустриска зона во КО Туралево,општина Кратово**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува ширината на крајбрежниот појас на водотекот на Кратовска Река низ населено место Туралево во општина Кратово од стационажа 0+0.00 до 0+461.18, дефинирана со координати од Т1 x-4660340.8202 y-7593802.6705 до Т2 x-4660337.0561 y-7594224.1321, а заради заштита и одржување на природното и уреденото речно корито и брегот на реката.

**Член 2**

Ширината на крајбрежниот појас на водотекот на Кратовска Река во населено место с.Туралево во општина Кратово опфатен со Државна урбанистичка планска документација од крајната линија на регулацијата на речното корито ќе изнесува најмалку 5,00 метри.

**Член 3**

Составен дел на оваа Одлука е графичкиот прилог прегледна ситуација во размер 1:5000 и геодетски координати за опфатот.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во "Службен Гласник на општина Кратово", а по предходно добиена согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Бр.16-1193/1
10.09.2015 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Сашо Ѓеоргиевски, с.р.